ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА
НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE
TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA
Бр.-Nr. 03-414/1
01.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр Nr 08-2222/1
11.03.2021 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-1499/1
05-03-2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на општината Аеродром

**Склучен во Скопје на ___.___.2021 година помеѓу :**

1. **Град Скопје,** со седиште на Бул.Илинден бр.82, застапуван од Градоначалникот на Град Скопје г-дин Петре Шилегов (во натомошниот текст: **Град Скопје**)

2. **Општина Аеродром**, со седиште на бул.Јане Сандански бр.109 б, застапувана од Градоначалникот на Општината г-дин Златко Марин (во натамошниот текст: **Општина Аеродром**) и

3. **ЈП Лајка-Скопје,** со седиште на ул.840 бр.2, застапувана од в.д. директорот Тина Петрушевска (во натамошниот текст: **ЈП Лајка**)

4.

**I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Град Скопје, Општина Аеродром и ЈП Лајка-Скопје, по основ на финансиско учество заради остварување на заедничка цел и интерес која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на општината Аеродром.

Договорот се склучува согласно Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје” бр.16/2020), како и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром за заловување на кучиња на подрачјето на општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.01/2021).

**II НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 2**

Град Скопје ќе учествува во меѓуопштинската соработка со обезбедување трајно и квалитетно вршење на заедничката надлежност на целото подрачје на општината преку Јавното претпријатие Лајка - Скопје и со предвидени финансиски средства за таа намена кои се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.

Општина Аеродром ќе учествуваат во меѓуопштинската соработка со предвидени финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари, со пресметан ДДВ кои се обезбедуваат во Буџетот на општината за секоја буџетската година при што ќе ги уплатува на сметка на ЈП Лајка на 12 еднакви месечни рати во износ од 166.667,00 денари со пресметан ДДВ.

За искористеноста на доделените финансиски средства од став 2 на овој член наменети за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Аеродром, градот Скопје се обврзува до Советот на Општина Аеродром, да доставува годишни Извештаи од ЈП Лајка – Скопје за наменското трошење на средствата предвидени во овој член.

**Член 3**

Обврската за надоместување на штетата настаната на граѓаните на подрачјето на Општина Аеродром предизвикана од нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња затекнати на јавните површини на подрачјето на општината останува на градот Скопје.

**Член 4**

Времетраењето на заедничкото вршење на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром се утврдува за целиот временски период на правна сила на одлуките од член 1.

**Член 5**

При остварувањето на меѓуопштинската соработка, утврдена во член 1, помеѓу Град Скопје и Општина Аеродром, постапките за издавање налог за работење и вршење надзор над самото работење ќе ги врши Град Скопје согласно Договор бр.08-1160/1 од 29.01.2021 година, склучен помеѓу Град Скопје и ЈП Лајка Скопје.

## III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

**Член 7**

Евентуалниот спор помеѓу договорните страни во врска со овој договор ќе го решава надлежен суд во Скопје.

## Член 8

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој договор договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс на договор.

## Член 9

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Градоначалник
на Град Скопје
Петре Шилегов

Градоначалник
на Општина Аеродром
Златко Марин

ЈП Лајка –Скопје
в.д. Директор
Тина Петрушевска